РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-2445/1
11.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 15 став 1 алинеја 9 и член 41 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-2386/2 од 10.6.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 22 седница одржана на 10.6.2026 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-1063/1 од 11.2.2015 г., арх.бр.01-4085/1 од 18.6.2015 г., арх.бр.01-3938/1 од 25.10.2021 г., арх.бр.01-4117/1 од 25.9.2025 г. и арх.бр.01-4886/1 од 19.11.2025 г. (во натамошниот текст: Правилник за службените возила на Агенцијата).

## Член 2

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во глава I. ОПШТИ ОДРЕДБИ, поднаслов Дефиниција на службено возило, во членот 2, по зборот: „Агенцијата“ се додаваат зборовите:„или е набавено по пат на оперативен лизинг (деловен закуп)“.

## Член 3

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во глава I. ОПШТИ ОДРЕДБИ, поднаслов Дефиниција на службено возило, во членот 3, по ставот 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Прегледот на службените возила на Агенцијата (Прилог бр.1) се менува по потреба, од страна на Директорот на Агенцијата, а по предлог на раководителот на надлежниот сектор“.

## Член 4

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во глава III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА, во членот 14, по зборот: „возила“, се додаваат зборовите: „кои се во сопственост на Агенцијата“.

## Член 5

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во глава III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА, поднаслов Отпис/расходување и продажба на возилата, во членот 19, во став (1), по зборот: „возила“, се додаваат зборовите: „кои се во сопственост на Агенцијата“.

## Член 6

Во Правилникот за службените возила на Агенцијата, во глава III. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА, поднаслов Отпис/расходување и продажба на возилата, во членот 20, се вршат следните дополнувања, и тоа:

- во точка (1), по зборот: „возила“, се додаваат зборовите: „кои се во сопственост на Агенцијата“ и
- во точка (2), по зборот: „возила“, се додаваат зборовите: „кои се во сопственост на Агенцијата“.

**Член 7**

Во прилогот бр.1, кој е составен дел на овој Правилник со наслов ПРЕГЛЕД НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, се вршат следните измени и дополнувања, и тоа:

- на почетокот пред ставот 1 се додава бројот:„1“ и интерпункцискиот знак: „.“ и
- по ставот 1, се додава нов став 2. кој гласи: „2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по пат на оперативен лизинг (деловен закуп) ги користи следните службени возила:

  2.1. Skoda модел Superb Selection и

  2.2. Skoda модел Superb Selection.“

**Член 8**

Во останатите одредби, Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, останува непроменет.

**Член 9**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**